РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
Бр. 24-164/2
22-02-2013 20 год.
СКОПЈЕ

281/1

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ТРГОВИЈА
ОАЗА увоз-извоз доо
Бр. 03-13
19.06. 2013 год.
ШТИП

Врз основа на член 40 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство (Службен весник на Република Македонија бр. 6/12), член 46 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/12) и Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минералната суровина – термоминерална вода на Друштвото за производство и трговија ОАЗА увоз-извоз ДОО Штип на локалитетот "Кежовица и Л`ѕи", општина Штип бр.41-9215/1 од 18.12.2012 година (Службен весник на Република Македонија бр.76/12)

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за економија
Valon Saraqini (во натамошниот текст: концедент)
и
2. Друштво за производство и трговија ОАЗА увоз-извоз ДОО Штип,
со адреса на ул.Кеј Маршал Тито 66 Штип,
застапувано од лицето Љупчо Манџуков
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден __________ 2013 година во Скопје, склучија:

# ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - ТЕРМОМИНЕРАЛНА_ВОДА НА ЛОКАЛИТЕТОТ "КЕЖОВИЦА И Л`ЅИ", ОПШТИНА ШТИП

## Член 1
## Дефиниции

Одделни изрази употребени во овој договор го имаат следното значење:

- Година е период од календарска година која започнува на 1 јануари и завршува на 31 декември,
- Договор за Концесија е договор склучен помеѓу Концедентот и Концесионерот заедно со сите прилози, тендерската документација и понудата на Концесионерот кои претставуваат составен дел на овој договор,
- Дозволи и одобренија се одобрувања, согласности, полномошна, одобренија, или слична документација која може да се бара од Концесионерот, а која ја издава државен орган или друг надлежен орган согласно применливото право на Република Македонија,
- Државен орган е орган на државната управа како дел од извршната власт во форма на министерства, други органи на државната управа и управни организации,

- Документи на Концесионерот е комплетната понудена документација, сите мислења, согласности, дозволи и сета друга документација за предметот на Концесијата,
- Денар е основно законско платежно средство на Република Македонија,
- Датум на раскинување е датумот кога се раскинал овој договор и престанал да важи,
- Известување за раскинување е писмено известување од договорната страна со кое се известува другата договорна страна за раскинување на овој договор согласно одредбите на овој договор и применливото право на Република Македонија,
- Концесија е акт со кој се доделува на користење простор за вршење на експлоатација на минерална суровина како добро од општ интерес на Република Македонија,
- Надоместок за концесија е надоместокот кој се плаќа односно е платен од страна на Концесионерот за доделената Концесија за експлоатација на минерални суровини и истиот се плаќа пред склучувањето на Договорот за концесија на соодветна уплатна сметка во Буџетот на Република Македонија,
- Концедент е Република Македонија претставувана преку Владата на Република Македонија,
- Концесионер е избраниот понудувач со кој што Концедентот го потпишува овој договор,
- Локација е просторот на кој ќе се вршат експлоатација на минералната суровина,
- Применливо право на Република Македонија се Уставот, законите и меѓународните договори што се во сила во Република Македонија,
- Погодена страна е страна која е спречена да ги изврши своите обврски согласно Договорот како последица на случај на Виша Сила,
- Период на Концесија е периодот за кој се доделува Концесијата за експлоатација на минерална суровина,
- Понуда на Концесионерот е целосната документацијата поднесена од страна на понудувачот во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за експлоатација на минерална суровина објавен на 19.10.2012 година,
- Спор е секое несогласување на договорните страни околу спроведувањето на овој договор,
- Случај на неизвршување на обврските е секое неизвршување на обврските кои произлегуваат од овој договор од страна на договорните страни, и кои претставуваат причини за раскинување на Договорот и
- Страни на овој договор се Концедентот и Концесионерот потписници на овој договор.

## Член 2
## Предмет на договорот

Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските на Концедентот и Концесионерот кои произлегуваат од доделувањето на Концесијата за експлоатација на минералната суровина термоминерална вода на локалитетот "Кежовица и Л`ци", општина Штип.

Со овој Договор се уредуваат целта и предметот на концесијата, рокот на важење на концесијата, површина на просторот на кој се доделува концесијата за експлоатација, висината и начинот на плаќање и пресметување на надоместокот за концесијата, условите за вршење на концесијата, начинот и рокови за поднесување на сметки и финансиски или други извештаи во врска со извршената експлоатација на минерални суровини од страна на концесионерот, начинот на вршење на надзор и инспекција на концесијата, условите за продолжување на важењо на концесијата/договорот, начинот на решавање на споровите, начин и услови под кои се одзема концесијата, како и други услови соодветни на предметот на концесијата.

## Член 3
## Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 1 на овој договор се доделува за период од 30 (триесет ) години, со можност за продолжување за уште еден период, но не подолго од 30 (триесет ) години, сметано од денот на склучување на Договорот за концесијата за експлоатација на минерална суровина- термоминерална вода.

## Член 4
## Простор на кој се доделува концесијата

Просторот на кој е доделена концесијата односно од член 1 на овој договор се наоѓа на локалитетот "Кежовица и Л`ци", општина Штип, и го зафаќа просторот ограничен со точки, дефинирани со координати, точките меѓусебно поврзани со прави линии како што се дадени на топографската карта приклучена кон овој договор во мерка М = 1 : 25 000 во Гаус-Кригерова проекција, и тоа:

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| 1 | 7597660 | 4621620 |
| 2 | 7598180 | 4622680 |
| 3 | 7598821 | 4622280 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | 7598500 | 4622020 |
| 5 | 7598670 | 4621660 |

| Точка | Координата Y | Координата X |
|---|---|---|
| 1 | 7598600 | 4621970 |
| 2 | 7598740 | 4622040 |
| 3 | 7598910 | 4621820 |
| 4 | 7598770 | 4621730 |

Површината на просторот на концесијата за експлоатација од став 1 од овој член изнесува P=0,719730 $km^2$/квадратни километри/.

### Член 5
### Надоместоци за концесијата

Заради користење на просторот, односно на површината на која е доделена концесијата за експлотација на минерална суровина концесионерот на концедентот е должен да му плаќа концесиски надоместок под услови, на начин и во износ определен согласно важечкиот Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концеси за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

За експлоатација на минералната суровина – термоминерална вода на локалитетот "Кежовица и Л`ции", општина Штип, концесионерот е должен на концедентот да му плаќа концесиски надоместоци за експлоатација под услови, на начин и во висина определени согласно важечкиот Тарифник за утврдување на висината на надоместоците за издавање на дозволи и концеси за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини.

Надоместоците од овој член се уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на Трезорската сметка.

### Член 6
### Обврски на концесионерот при експлоатација на минералните суровини

По добивањето на дозвола за експлоатација, концесионерот при изведување на рударските работи за експлоатација на минералните суровини е должен:

- Концесионерот е должен да обезбеди минимум 6 l/sec, за непречена функционирање на бањата Кожовица и 2 l/sec за геранијата, а согласно даденото мислење (одобрување) од страна на Општината Штип;
- доколку во процесот на истражувањата бидат откриени, објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија концесионерот е должен веднаш да ги прекине работите и да ја извести Управата за заштита на културното наследство согласно важечките законски прописи;
- да ги изведува рударските работи согласно со дозволата за експлоатација, стандардите и техничките нормативи кои важат за изведување на тие работи;
- да врши рударски мерења и да поседува рударски планови за вршење на експлоатација на минерални суровини;
- да ги спроведува мерките за заштита при работа;
- навремено да превзема мерки за безбедност на граѓаните, нивниот имот, сообраќајот и соседните објекти;
- да спроведува, на своја сметка, мерки за заштита на животната средина и природата и културното наследство, како и мерки за рекултивација на земјиштето согласно со закон;
- да води евиденција на произведените количини на минерални суровини во електронска и пишана форма на начин утврден со закон;
- пред почетокот на експлоатацијата да постави и вгради стационарни ваги за мерење на експлоатираната и продадената количина на минерална суровина;
- пред почетокот на експлоатацијата да постави соодветни мерни инструменти за мерење на протокот на експлоатираната количина на минерална суровина;
- да управува со отпадот на минералните суровини согласно со планот за управување со отпад и
- да врши класификација и прекатегоризација на рудните резерви на минералните суровини на начин утврден со закон.

Концесионерот при изведување на рударските работи и вршењето на експлоатација на минерални суровини е должен на локацијата каде што тие се вршат да има:

- дозвола за експлоатација на минерални суровини и дозвола за изведување на рударски работи;

- одобрение за управување со отпадот кој настанува со експлоатација на минералните суровини;
- рударски планови со ажурирана состојба на изведените рударски работи,
- договор за изведување на работите со изведувачот, доколку концесионерот сам не ги изведува тие работи;
- уверенија за стручна оспособеност на работниците за извршување на работите и за нивната здравствена состојба;
- решение за поставување одговорни лица за раководење при изведувањето на рударските работи и објекти;
- извештаи за извршените периодични прегледи и испитувања на опремата и орудијата за работа заради утврдување на нивната исправност,
- упатства за работа со мерки на заштита при работа за применетиот технолошки процес за експлоатација и преработка на минерални суровини ;
- евиденција на произведените количини на минерални суровини во електронска или пишана форма и
- друга документација пропишана со законот за минерални суровини и друг закон.

Концесионерот при изведување на рударските работи и вршењето на експлоатација на минерални суровини е должен да врши класификација и прекатегоризација на рудните резерви.

## Член 7
## Почеток на експлоатација

Со експлоатација на минералната суровина термоминерална вода, може да се отпочне откако на концесионерот ќе му се издаде Дозвола за експлоатација на начин и под услови утврдени со закон.

## Член 8
## Имотно правни односи

Заради експлоатација на минералната суровина – термоминерална вода, концесионерот е должен да го реши прашањето на користење на земјиштето на кое ќе се врши експлоатација на минералната суровина, предмет на овој договор.

## Член 9
## Обврски за заштита на водите

Со експлоатација не смее да се предизвикаат негативни влијанија врз

површинските и подземните води на наоѓалиштето или во негова околина, ниту пак со пристапните патишта кои се наменети за функцијата на ова наоѓалиште. Доколку дојде до евентуално нарушување на режимот на водите инвеститорот е должен најитно да превземе мерки за отстранување на таквата состојба.

1) Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата и акумулациите се забранува изградба на постројки и објекти во крајбрежните земјишта.

2) Местоположбата на постројките и објектите треба да биде надвор од крајбрежниот појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулаторните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулаторните водотеци.

3) Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопанските објекти и постројки, се забранува да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи.

4) Потребно е да се предвиди станица за пречистување со механички и биолошки третман на отпадните води од објектите за комерцијална и деловна намена. Категоризацијата на водите на реката Брегалница според Уредбата за категиризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води ("Службен весник на Република Македонија" бр.18/99) се 2 (втора) категорија, што значи дека квалитетот на испуштената вода не смее да ги надминува параметрите на квалитет на вода од 2 (втора) категорија.

5) Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, согласно Законот за води издава дозвола за користење на вода од бунари и испуштање на отпадни води.

## Член 10
## Сообраќајна инфраструктура

Концесионерот е должен да обезбеди сообраќајна согласност за приклучок на јавен пат на начин и под услови утврден со закон.

Концесионерот потребно е да превзема мерки за спречување на недозволени дејствија на патот, патниот и заштитниот појас. Широчината на заштитниот појас на автопатот на кој не можат да се градат објекти или изведуваат градежни работи кои не се во функција на патот изнесува 40 метри, на магистрални и регионални патишта изнесува 20 метри, а на општински патишта изнесува 10 метри.

Концесионерот корисник на концесионото поле во текот на експлоатционот период да не го зафаќа: патот (коловозот), како и патниот појас со било каков градежен материјал и механизација.

Сите трошоци за санирање при евентуално појавените деформации на патот (коловозот) и патниот појас, при експлоатација на минерални суровина – термоминерални вода или од движење и работа на механизацијата од патната инфраструктура, ќе паднат на товар на имателот на концесионото поле.

## Член 11
## Обврски за заштита на животната средина

Експлоатацијата на минерални суровини концесионерот е должен да ја врши согласно пропишаниот режим и мерки за заштита дефинирани во елаборатот односно во студијата за заштита на животната средина, како и кон дополнителните решенија доколку во текот на експлоатацијата се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

Концесионерот должен да се придржува кон законот за минерални суровини, законот за животната средина и другите прописи од областа на животната средина.

Пред испуштање на отпадните води во реципиентот, задолжително треба да се прочистат од евентуално присутните штетни состојки во согласност со закон.

## Член 12
## Пренос на концесијата

Концесијата за експлоатација може да се пренесува на начин и под услови утврдени со закон.

Со преносот на концесијата, концесионерот ги стекнува правата и обврските кои произлегуваат од издадените дозволи и одобренија од надлежните органи, во смисла на овој и друг закон.

Концесионерот не смее да ја даде под закуп концесијата за експлоатација на минерални суровини.

## Член 13
## Надомест на штета

Концесионерот е должен во целост да ги надомести штетите причинети на трети лица настанати при експлоатација на минералните суровини, како и штетите предизвикани врз животната средина на начин и под услови утврдени со закон.

## Член 14
## Обезбеден пристап за посебни потреби

Преку концесискиот простор, може да се градат јавни патишта, железнички пруги и други сообраќајници, електрични водови, водоводи, нафтоводи и гасоводи под услови утврдени со закон.

Доколку низ концесискиот простор поминуваат инфраструктурни објекти (пат, далновод и друго), концесионерот не смее да ги уништува и загрозува истите и е должен да го овозможи нивното користење од страна на други лица.

Доколку се работи за изведување на инфраструктурни објекти од јавен интерес (пат, далновод, железнички пруги, водостопански објекти и други објекти од јавен интерес) во концесискиот простор, тие можат да се градат доколку имателот на дозвола за градба во текот на градбата обезбеди услови за непречена и безбедна експлоатација на минералните суровини.

## Член 15
## Случај на Виша Сила

Случај на Виша Сила се сите настани кои ќе настанат по датумот на склучување на овој договор, кои се надвор од контролата на договорните страни и кои директно влијаат или ја спречуваат договорната страна навреме да ги изврши обврските кои произлегуваат од овој договор.

## Член 16
## Безбедност и заштита при работа

Заради безбедност на животот и здравјето на работниците, концесионерот или изведувачот на експлоатацијата на минерални суровини е должен навремено да ги спроведува мерките за безбедност при работа односно да ја организира и уреди заштитата при работа со акт согласно со специфичните услови и опасности во објектите на начин и под услови утврдени со овој закон и законот за безбедност и здравје при работа.

Концесионерот или изведувачот при експлоатацијата на минералните суровини при изведувањето на рударските работи и вршење на надзор е должен да обезбеди техничко надзор и водење на работите на изведувањето на рударските работи според рударските проекти, техничките прописи, како и според прописите за заштита при работа на начин утврден со закон.

Концесионерот кој управува со инсталација за управување со отпад треба да назначи одговорно лице кое е одговорно за надзор над програмата за спечување на значителни опасности.

При изведување на рударски работи, концесионерот или изведувачот мора да превземе мерки заради заштита на животот и здравјето на граѓаните, недвижните и движните предмети на начин и под услови утврдени со закон.

Концесионерот или изведувачот, кој изведува рударски работи каде што постои опасност од пожар, експлозија, појава на отровни гасови, или пак можности од навлегување на гасови, вода и тиња, мора да организира

служба за спасување и служба за против пожарна заштита во согласност со закон.

## Член 17
## Времено запирање на експлоатацијата и изведување на рударските работи

Концесионерот е должен временото прекинување на изведувањето на рударски работи при експлоатација на минералните суровини поради непредвидени причини (појава на гас или дополнителни количини на вода, горски удари, јамски пожари, пореметување на главни патишта за проветрување и одводнување, лизгање на терен и слично) да го пријави до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини и Државниот инспекторат за техничка инспекција најдоцна 24 часа по запирање на работите, а во случај на сериозни опасности веднаш.

Ако концесионерот планира времено запирање на работите повеќе од шест месеци во тековната година потребно е најмалку 30 дена пред временото запирање да го извести Државниот инспекторат за техничка инспекција, и да изврши рударски мерења на состојбите, како и дополнување на рударските планови, да направи записник за причините за престанување на работите и за опасностите кои можат да настанат во текот на запирањето и при повторниот почеток на работите. Временото запирање на изведувањето на рударски работи не може да трае подолго од една година.

Концесионерот во периодот на временото прекинување на рударските работи, е должен редовно да ги одржува јамските простории и објекти во стабилна, сигурна и безбедна состојба.

Доколку концесионерот не продолжи со експлоатација на минералните суровини по рокот определен во став (2) од овој член, истиот е должен да изготви дополнителен проект во согласност со закон.

Концесионерот во периодот на временото прекинување на рударските работи, е должен редовно да ги одржува јамските простории и објекти во стабилна, сигурна и безбедна состојба.

## Член 17
## Надзор над концесијата

Концедентот врши постојан и редовен надзор на начинот и вршењето на концесиската дејност и почитувањето на обврските од овој договор од страна на концесионерот во согласност со закон.

Концедентот има право да овласти надлежен орган или друга независна институција да врши постојан надзор во извршувањето на обврските на концесионерот во текот на траењето на концесијата.

Член 18

Престанок на концесијата

Концесијата за експлоатација на минерални суровини престанува да важи во случај на:

- истекот на рокот за периодот на кој била доделена концесијата;
- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концедентот;
- едностран раскин на договорот за концесија од страна на концесионерот и
- кога над концесионерот е отворена постапка на стечај или ликвидација.

Во случаите од став 1 алинеите 1, 2, 3 и 4 од овој член, престануват да важат сите дозволи, решенија и одобренија непосредно сврзани со овој Договор за концесија за експлоатација на минерални суровини.

Член 19

Еднострано раскинување на концесијата за експлоатација на минералчни суровини од страна на концедентот

Концедентот може еднострано да го раскине договорот за концесија во случај кога:

- концесионерот го пренесе предметот на концесијата за експлоатација на минерални суровини на друг концесионер без согласност на концедентот;
- кај концесионерот настапи состојба на присоединување, спојување и поделба без добиена писмена согласност од концедентот;
- концесионерот изврши пренос на акции или удели кај концесионерот на кој му е доделена концесијата за експлоатација кои поединечно или во збир, би довеле до промена на управувачкиот пакет во друштвото без претходна писмена согласност на концедентот на начин утврден со овој закон;
- концесионерот го издаде предметот на концесија под закуп;
- концесионерот започне со експлоатација на минералните суровини пред да добие дозвола за експлоатација;
- концесионерот не постапува по изречените мерки во постапката на надзор согласно со закон;
- концесионерот не достави барање за издавање на дозвола за експлоатација на минерални суровини во рок од една година сметано од денот на склучувањето на овој договор;

- концесионерот не започнал со експлоатација на минералните суровини во рок од една година сметано од денот на издавање на дозволата за експлоатација;
- концесионерот не го платил концесискиот надоместок за доделената концесија на начин и под услови утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон;
- концесионерот не извршил геодетско снимање и не изготвил геодетски елаборат со пресметка на откопаните количини на минерални суровини или пак геодетскиот елаборат не го доставил до органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини во текот на две години последователно;
- концесионерот прекинал со изведување на рударските работи подолго од една година и

  концесионерот врши експлоатација на минералните суровини и не се придржувал кон решенијата и мерките во однос на заштитата на животната средина утврдени со прописите од областа на животната средина;

### Член 20
### Еднострано раскинување на концесијата за експлоатација на минералчни суровини од страна на концесионерот

Концесионерот може еднострано да го раскине договорот за концесија во случај кога:

- концеденот не ги извршуваобврските кои произлегуваат од договорот;
- концедентот извршил битна повреда на одредбите од договорот или на законите и прописите што се применуваат на договорот и
- концесионерот нема економски интерес за натамошно извршување на концесијата за експлоатација.

Барањето за едностран раскин на договорот за концесија, концесионерот го поднесува до концедентот односно органот на државната управа надлежен за работите од областа на минералните суровини.

Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација од ставот 1 алинеја 3 од овој член, концесионерот е должен да ги плати достасаните концесиски надоместоци, како и надоместокот за користење на просторот.

Во случај на едностран раскин на договорот за концесија за експлоатација од ставот 1 алинеја 3 од овој член, кога е истечена една третина од периодот за кој е доделена концесијата за експлоатација, концесионерот е должен да го плати само надоместокот за достасаните концесиски надоместоци.

**Член 21**
**Враќање на документација**

Во случај на раскинување на овој договор, концесионерот е должен целокупната техничка документација во врска со концесијата и проектот да ги достави до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на минералните суровини, веднаш по раскинувањето на истиот.

**Член 22**
**Решавање на спорови**

Договорните страни се согласни споровите настанати во врска со примената на овој договор да ги разрешат спогодбено.

Во случај спорот да неможе да се разреши согодбено, договорните страни се согласни спорот да го решаваат пред надлежниот суд во Скопје.

**Член 23**
**Измени на Договорот**

Овој договор може да биде изменет само со Анекс кон овој договор во писмена форма.

**Член 24**
**Целост на Договорот**

Составен дел на овој договор е и Топографската карта дадена во прилог на овој договор.

**Член 25**
**Број на оригинални примероци**

Овој договор е склучен во 6 (шест) еднообразни примероци, по три за секоја страна

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА

Valon Saraqini

13.02.13

За Концесионерот
Друштво за производство и трговија ОАЗА увоз-извоз ДОО Штип
Љупчо Манцуков

Друштво за производство и трговија ОАЗА увоз-извоз ДОО ШТИП

Изработил: Александра Митреска
Контролирал: Јетон Кучи
М-р Ејуп Љатифи
Одобрил:Анче Трифунов

# Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Кежовица и Лци-Штип

Минерална суровина: Термоминерална вода

Површина = 0.719730 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7597660 | 4621620 |
| 2 | 7598180 | 4622680 |
| 3 | 7598821 | 4622280 |
| 4 | 7598500 | 4622020 |
| 5 | 7598670 | 4621660 |

| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7598600 | 4621970 |
| 2 | 7598740 | 4622040 |
| 3 | 7598910 | 4621820 |
| 4 | 7598770 | 4621730 |